**20210711063**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25 став 1 и 3 и 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК КНИЖНИ ПАРИ ВО АПОЕН ОД 10 ДЕНАРИ СО ИЗМЕНЕТИ БЕЛЕЗИ

1. Со оваа одлука се пуштаат во оптек книжни пари во апоен од 10 денари со ознака на печатење „Април 2020“ и со белези утврдени во Одлуката за издавање и за основните белези на книжните пари во апоени од 10 и 50 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 218/16), Одлуката за изменување на Одлуката за издавање и за основните белези на книжните пари во апоени од 10 и 50 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/17) и Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 10 денари со изменети белези („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 50/19 и бр. 88/20), почнувајќи од 1 април 2021 година.

2. Со пуштањето во оптек на книжните пари од точка 1 на оваа одлука во готовинскиот платен промет на Република Северна Македонија остануваат во оптек книжните пари во апоен од 10 денари издадени според Одлуката за издавање и за основни белези на книжните пари во апоени од 10 и 50 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 218/16 и 12/17).

3. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О. бр. 02-15/IV-2/2021
26 март 2021 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.